Ристо КИРЈАЗОВСКИ

# ЛЕРИНСКО-КОСТУРСКИОТ МАКЕДОНСКИ БАТАЛЈОН
## — 40 години од неговото формирање —

Откажувањето на Либанскиот договор[1]) од страна на движењето на отпорот, ориентацијата за вооружена пресметка со домашниот и надворешниот непријател, синхронизираните воени операции на силите на Зервас во Епир на 19 јули 1944 година, на германските на 3 јули во северен Линд и Западна Македонија и на квислинсшките формации и организации во цела Грција, налагаше сплотување и активирање на сите потенцијални револуционерни и антифашистички сили во земјата и поцврсто поврзување на грчкото ослободително движење со НОВ на Југославија. Поради тоа што Македонците беа најсигурен сојузник на револуционерните и прогресивните сили што се должеше пред сè на нивната општествено-економска положба под грчка власт, раководството на КПГ и овој пат своето внимание го свртува кон нив.

За проширувањето на односите со НОВ на Југославија и за придобивањето на Македонците грчкото раководство ги презеде следните потези: Во почетокот на мај 1944 година ПЕЕА (Политички комитет на националното ослободување на Грција) го поставува Андреас Цимас, член на ПК на ЦК на КПГ и член на Главниот штаб на ЕЛАС, за официјален претставник во НКНОЈ (Комитет на ослободувањето на Југославија) и во Врховниот штаб на НОВ и ПО на Југославија. На 24 јуни секретарот на ЦК на КПГ Ѓоргис Сјантос побара тесна соработка меѓу НОВ

---

[1]) Делегација на ЕАМ—КПГ—ПЕЕА во преговорите со владата во бегство и претставници на граѓанските партии во Либан на 20 мај 1944 година ги пречекори овластувањата и потпиша капитулантски договор. Раководството на КПГ одлучи да го откаже договорот и да ја отповика делегацијата. На 2 јули 1944 година ПЕЕА, ЕАМ и КПГ со заедничка телеграма до владата во бегалство побараа темелна ревизија на договорот.

на Вардарска Македонија и ЕЛАС не само на политичко туку и на воено поле, односно НОВ на Македонија, во соработка на ЕЛАС, да преземаат офанзивни акции против заедничкиот непријател[2]). Во делот на Резолуцијата усвоена на Конференцијата на КПГ за Егејска Македонија одржана на 25 јуни 1944 година, кој се однесува на откажувањето на Либанскиот договор, се вели: „Грчкиот народ ги има сите свои сили, потпрен врз сопствени сили и во **тесна соработка со неговите херојски југословенски сојузници** и другите негови сојузници, против сите видови непријатели да даде уништувачки удари против варварските окупатори, да го забрза распаѓањето на фашизмот и да ја ослободи својата татковина"[3]).

Наредниот ден односно на 26 јуни секретарот на ЦК на КПГ Сјантос по повод одржувањето на споменатата конференција на КПГ за Македонија, во својата радиограма до маршалот Тито истакнува дека КПГ е решена уште повеќе да ги зацврсти своите сојузнички односи со Комунистичката партија на Југославија[4]).

На 9 јули 1944 година кога германците го совладале отпорот на единиците на ЕЛАС во Северен Линд и во Западна Македонија и ги довеле во многу критична ситуација, и силите на Зервас ја продолжувале офанзивата со уште поголема жестокост против 8-та дивизија на ЕЛАС во Епир, Сјантос се обраќа со молба до Маршал Тито. Народноослободителната војска на Македонија извршува напад против непријателот во Егејска Македонија во правец Лерин—Вичо—Острово—Кајмакчалан—Соботско[5]).

По однос на Македонците, грчкото партиско раководство одлучило да се договори со раководството на НО на Вардарска Македнија за враќање на македонската единица од Караорман која во мај се оделила од ЕЛАС како протест на одлуката на КПГ за расформирање на СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт) и СОВ (Славјаномакедонска народноослободителна војска) во Костурско и Леринско и поведе борба за повлекување на истата, да се формираат посебни македонски единици во состав на ЕЛАС[6]).

Врз основа на таа одлука на 16 јуни 1944 година е формиран Воденскиот македонски баталјон. Договорот за враќање на споменатата единица од Караорман е постигнат во преговорите што се водени меѓу претставниците на ЕЛАС и ГШ на Македонија на Кајмакчалан во првата декада на јули 1944 година. Покрај тоа, договорот предвидува неограничено формирање на

---

[2]) АМ, фот. АЦСКЈ, К—1/26.
[3]) АМ, К—23/1/43.
[4]) АМ, фот. АЦКСКЈ, К—1/26, стр. 7, радиог. 107.
[5]) Исто, радиогр. 53.
[6]) Егејска Македонија во НОВ 1944—1945, Том I, Скопје, 1971, стр. 252.

македонски единици во зависност од приливот на Македонците што ќе стапуваат во партизаните. Во новоформираните македонски единици е договорено, да се вклучат и Македонците борци што служеле во единиците на ЕЛАС.[7]). Македонскиот баталјон што се вратил од Караорман требало да стане јадро за македонските единици што ќе се формираат во подрачјето на Вичо.

Согласно договорот на 2 август 1944 година во црквените ливади на селото Поздивишта, Костурско, во присуство на претставникот на IX дивизија на ЕЛАС и на вардарските партизани — Петре Богданов Кочко, е формиран Леринско-костурскиот македонски баталјон. 2 август, денот на Илинденското востание, е искористен за формирањето на баталјонот со цел на настанот да му се даде македонски национален белег. На тој ден во селото Поздивишта по повод годишнината на Илинден е организиран масовен народен свечен митинг на кој, според програмата, говорел претставникот на ЕЛАС Ренос Михалеас и Петре Богданов-Кочко а по барање на многубројната маса говорел и претставникот на „отцепниците" Наум Пејов.

И покрај тоа што мнозинството на Леринско-костурскиот македонски баталјон го сочинувале борците и старешините на единицата што се вратила од Караорман, при неговото формирање доаѓа до полн израз нивното омаловажување и понижување од страна на претставниците на грчкото движење на отпорот. Имено, и покрај тоа што во таа единица имало стари комунисти, искусни и потврдени политички и воени кадри, формирањето и командувањето на баталјонот не им било доверено ним, туку на Козмос Спанос-Аминтас и на Илија Димовски-Гоце кој со една мала единица од македонски партизани се вратил од подрачјето на Грамос, каде што Германците воделе големи офанзивни операции против IX дивизија на ЕЛАС. Во врска со тоа, споменатиот Ренос Михалеас, во својот извештај до Македонското биро на КПГ пишува: „... Тука се наоѓа Кочко. Го сретнав. Сакаше да ни го наложи Пејов. Ние со силата на ЕЛАС настојувавме да го дискредитираме Пејов, кој продолжува да ги прави истите грешки ...[8]) Сличен однос имаа и спрема другите борци и старешини врз кои се вршеше морално-политички притисок барајќи од нив да направат самокритика за нивното одделување од ЕЛАС, да дадат писмена изјава дека тоа нема да го повторат и сл."

Илија Димовски-Гоце од грчкото раководство добил задача да формира бригада[9]). Врз основа на таа задача единицата што се вратила од Караорман и борците што се вклучиле во неа по

---

[7]) Исто, 232.

[8]) Д-р Ристо Кирјазовски, КПГ и македонското национално прашање 1918—1974, Скопје, 1982, 227.

[9]) Исто, стр. 285.

нејзиното враќање, Илија Димовски-Гоце ги поделил на четири чети кои со приливот на нови борци, требало да прераснат во баталјони. Меѓутоа, повисокото раководство на ЕЛАС тоа не го дозволило. И така единицата што на 2 август се формира во Поздивишта, која поради бројноста на борците можела да се организира во бригада, е организирана како баталјон, наречен „Гоце“ по името на легендарниот водач на македонското национално-ослободително движење Гоце Делчев.

Во почетокот било предвидено командата на баталјонот да ја сочинуваат Илија Димовски-Гоце како командант и Христо Коленцев како комесар. Меѓутоа таа одлука брзо е изменета. Со наредба на 28 бригада на ЕЛАС за командант на баталјонот е поставен Козмас Спанос-Аминтас, грцизиран Албанец[10]). Со друга наредба на истата бригада од 10 септември 1944 година за реорганизација на одредот на ЕЛАС „Вичи“, Леринско-костурскиот баталјон „Гоце“ е преименуван во II баталјон со командант споменатиот Аминтас и за капетањос[11]) Илија Димовски-Гоце[12]).

Веднаш по формирањето на баталјонот започнала регрутацијата на нови борци за формирање на бригада[13]). Стапувањето на Македонците во баталјонот давало можност да се формираат не само бригади, туку и македонски дивизии[14]). Масовното стапување на Македонците во партизани го одушевило и претставникот на IX дивизија на ЕЛАС Ренос Михаелас. Тој во својот извештај од август 1944 година до Македонското биро на КПГ во врска со тоа пишува: „...Овдешната ситуација не е едноставна. Денес така работиме и покрај тоа што има веројатност од вас да не бидиме разбрани, па дури да испаднеме и виновни. Но во една работа сме сигурни. Впрочем како и да е, брзо ќе имаме весела и борбена корештанска бригада вооружена од складиштата на контрашите и Германците. При таков случај и да се падне во грешка, таа може веднаш да се отстрани. Тоа и да е грешка, тука е нејзиниот крај, тоа е патот што даде можност да и дадеме решителен одговор на реакцијата, така што да престане да труе и да каса, користејќи го прашањето на Пејов. Тоа ќе го постигнеме со борбена дејност и регрутација на нови борци...“[15]).

Скоковитиот растеж на баталјонот го покажуваат следниве показатели: при формирањето баталјонот броел 400 борци[16]),

---

10) Егејска Македонија во НОБ, цит. труд, 189.

11) Капетањос, рамноправен член на командите на единиците на ЕЛАС, еден вид комесар.

12) Егејска Македонија во НОБ, цит. труд, 190.

13) Д-р Ристо Кирјазовски, цит. труд, 291.

14) Исто, 230.

15) Исто, 227.

16) Егејска Македонија во НОБ, цит. труд. 181.

на 16 септември 650 борци организирани во шест чети[17]) и во првата декада на октомври непосредно пред одделувањето од ЕЛАС 1500 борци[18]).

И покрај тоа, постигнатите резултати во регрутирањето на Македонци во македонските единици се далеку од реалните можности. Готовноста на Македонците да стапуваат во македонските единици била толку голема, што имало услови да се формираат повеќе бригади, дури и дивизии. Такви крупни македонски единици ќе претставуваат значајна, можеби и решавачка морална и воена сила за силите во редот на КПГ што се залагаа со револуционерни методи и средства со пресметка со класниот непријател да го решат и прашањето на власта. Македонските воени единици во состав на ЕЛАС во услови на остри класни борби што се водени во грчкото општество во периодот на окупацијата, ќе можеа да одиграат решавачка и историска улога. Оттука и причина за неверојатно интензивната хистериска клеветничка пропаганда против нив од домашниот и надворешниот класен непријател. Не се формирани крупни македонски воени единици, бидејќи, како што ќе видиме, во врвовите на раководството на КПГ се наложуваат опортунистичките и капитулантските сили.

Како што наведовме, во врвното раководство на КПГ по однос на Либанскиот договор се појавуваат две струи. Победила и се наложила струјата која се залагала за почитување и спроведување во пракса на договорот. Основен и решавачки мотив за таквата определба на раководството на КПГ, според нејзиниот главен стратег — Ѓанис Иоанидис, со што во целост не можеме да се согласиме, се укажувањата на советската амбасада во Каиро[19]) и на членот на Советската воена мисија во Грција

---

[17]) Исто, 193, 196.

[18]) Д-р Ристо Кирјазовски, цит. труд, 280.

[19]) Во врска со укажувањата на советската амбасада за Либанскиот договор, Петрос Русос, член и шеф на делегацијата што ги водела преговорите за склучување на договорот, во својот официјален извештај што го доставил во Политбирото на ЦК на КПГ веднаш по неговото враќање во слободната територија, го наведува следново: „Во личен контакт со советскиот амбасадор не успеавме да дојдеме. Од првиот советник на амбасадата побаравме, ако е можно, да го имаме мислењето на Советската влада за грчките прашања. По десетина дена односно по завршувањето на заседанието на Либан и една недела по заминувањето на Милтијадис (Порфирогенис, член на делегацијата, м.б.) советникот ме повика и ми го изјави следното: Советската влада не одговори околу темата. Меѓутоа амбасадорот го пренесува следното негово мислење: а) Договорот на Либан одговара на денешната ситуација на работите, б) Ставот на вашата делегација е правилен, в) Треба да влезете во владата и г) и да се погрижите ово мислење да стане јасно на планините" (Види „КПГ, официјални документи", том 5, 1940—1945, издание на КПГ во земјата, стр. 239.

Церничев што тој ги водел со него во слободна Грција[20]), и воопшто односот на СССР спрема грчкото ослободително движење. Не е предмет на овој труд да изврши анализа и да даде целосна оценка за генералната политичка линија, стратегија и тактика на грчкото раководство на отпорот, односно на КПГ во текот на НОВ. Тоа што сметаме дека треба да кажеме е следното: Иоанидис се обидува преку ставот на некои советски фактори, да ги прикрие грешките и да го оправда раководството на КПГ, и самиот себе, за недозволените отстапки што ги направил во корист на домашниот и надворешниот непријател. Несомнено политиката на Сталин за поделба на светот во интересни сфери негативно влијаела врз изградбата на стратегијата и тактиката на НОД. Меѓутоа, тоа во никој случај не го оправдува раководството на КПГ, бидејќи тоа е единствено одговорно за револуцијата во Грција. Едно одговорно раководство не може во изградбата и водењето на својата политика да се раководи од загонетни укажувања на службеник на советска амбасада и од гримаса на некој советски офицер. И уште нешто. Непринципиелните отстапки во полза на Англичаните што произлегуваат од желбата за прилагодување со барањата на советската политика, сè повеќе му ги одврзувале рацете на Сталин во неговите зделки со Черчил.

Да се навратиме на нашето прашање што го разгледуваме. Како што наведовме грчкото партиско раководство одлучило да го прифати и го примени Либанскиот договор. Во духот на таквата определба на 17 август решило да учествува во т.н. влада на националното единство на чело со Ѓоргис Папандреу[21]). На 23 август истото го сторило и ПЕЕА,

Таквиот курс на раководството на КПГ не само што претставувало основна пречка за формирање на нови македонски единици, туку го доведувало во прашање и опстанокот на двата баталјони — на Воденскиот и на Леринско-костурскиот македонски баталјон. Илузорно било да се очекува една реакционерна влада, каква што била всушност владата на Папандреу да толерира постоење на македонски воени единици. И уште повеќе кога ѝ било јасно дека тие како и целиот македонски народ не се борат само за прогонување на туѓиот окупатор,

---

[20]) Иоанидис во своите спомени во врска со тоа тврди: „Церничев ми рече: „И што имате на ум да војувате со Англичаните?" Јас на тоа му одговорив: Се разбира ако има потреба, ќе војуваме и со Англичаните. Тој направи една карактеристична гримаса. Таа гримаса ме зашемоти и таа беше главната причина да го прифатиме Либанскиот даговор". (Γιάννηι 'Ιωαννίδης', Αναμνήσεις Προβλήματα τής πολιτίκής τού ΚΚΕ στήν 'Σανική 'Αντίσταβη 1940 — 1945 (Τό ωρακτικο μιᾶς βυζήτησης) 'Σωιμέλεια Α. Παπαπαναγιώτου, Θεμέλιο 250-251

[21]. ΚΚΕ 'Εθίσημα κείμενα, τόμος θέμθτος 1940 — 1945, 1977, 6. 239

туку и за извојување на свои национални права и слободи, дека и во иднина ќе бидат на страната на револуционерните сили на земјата.

Раководството на КПГ со цел да ѝ удоволи на реакцијата, не само што не дозволило да се формираат покрупни македонски единици, како што било договорено, туку воопшто го лимитира стапувањето на Македонците во ЕЛАС.

Македонското биро на КПГ применувајќи ја во пракса оваа своја политика во третата декада на август 1944 година со секретарите на окружните комитети одржало состанок на кој е решено не само да не се формираат други и покрупни македонски партизански единици, туку постоечкиот Леринско-костурски македонски баталјон да се подели на два баталјони и истите да бидат потполнети со нови партизани, колку со Македонци, толку и со Грци и воопшто да се лимитира стапувањето на Македонците во ЕЛАС[22]). Одлуката за поделба односно за реорганизација на Леринско-костурскиот баталјон, која всушност значела негово расформирање, грчкото раководство не се обидело да ја спроведе, веројатно плашејќи се од неминовната реакција на Македонците. Во поткрепа на тврдењето на решението на Македонското биро на КПГ за лимитирање на стапувањето на Македонците во македонските единици и воопшто, ќе цитираме делови од официјалните документи на КПГ.

Во извештајот на споменатото биро до Политбирото на ЦК на КПГ од 12 септември 1944 година се вели: „. . . Ние, од наша страна, сметаме дека треба, но без да биде приметливо и забележливо, да прекинеме воопшто со регрутацијата на партизани од редовите на Македонците . . .“[23]).

Членот на Македонското биро Ѓанис Антонијадис-Теофилос во своето писмо испратено до секретарот на истото биро од 16 септември 1944 година, пишува: „Регрутацијата на македонски партизани во Бер, Воден и Ениџе-Вардар го пречекори определениот број . . .[24]).

Цитираните документи доволно зборуваат за каква политика се работи. Се работи за политика што им го оспорува најнеприкосновеното и елементарно право и обврска на Македонците да се борат за уништување на фашизмот, за победа на демократските и антифашистички сили и извојување свои национални и социјални слободи.

Штабот на Леринско-костурскиот македонски баталјон соочувајќи се со перманентна политика на атакување врз основните права на Македонците, во отсуство на македонско политичко раководство, остро реагира и се спротивставува на так-

[22]) Д-р Ристо Кирјазовски, цит. труд, 242.

[23]) Исто, 231.

[24]) Исто, 233.

ната политика, укажувајќи на негативните последици од истата. Кога реагирањата не наишле на разбирање од грчкото партиско раководство, штабот на Леринско-костурскиот македонски баталјон со свој меморандум од 17 септември 1944 година го запознава ГШ на НОВ и ПО на Македонија за таквата политика на грчкото раководство и импликациите од истата.

Во меморандумот откако се поздравува создавањето на Антифашистичкото собрание на Македонија и првата македонска држава како придобивка на сите Македонци, во врска со пречките што им ги прави раководството на ЕАМ—КПГ на Македонците да се дигнат во масовна оружена борба против општиот окупатор и за извојување на свои права, на ГШ на НОВ и ПО на Македонија му ги поставува следните прашања: „... И Ве прашуваме: Има ли право еден народ што се бори со верба и самопожртвуваност во денешната антифашистичка војна на која темел и е Атлантската повелба, Московската и Техеранската декларација, да формира своја војска во рамките на националната војска на државата во која живее тој народ, или нема право;

Има ли право еден народ што заеднички се бори со невиден хероизам да ја напише својата историја во денешната антифашистичка борба, да изгради чист национален дух, да оствари национално обединување, дури и во грчките рамки на денешниот историски момент, или нема право?

Еден народ што ја пролева својата крв, има ли право да има свое и со чист македонски дух раководство, или нема право; ...“[25])

Покрај наведените и други пречки, баталјонот постигнува значајни успеси на воено и други полиња. Заслуга е на борците на тој баталјон распаѓањето на поголемиот дел на контрачетништвото, за сузбивањето на големобугарската пропаганда и за правилната ориентација на Македонците. Со својата македонска песна и оро, со својата македонска реч и други разновидни културно-просветни манифестации му всадуваат на Македонскиот народ верба и убедување дека единствено со сопствени сили и тешка борба ќе ја извојува својата слобода.

За поуспешно популаризирање целите на борбата, ширењето на македонскиот пишан јазик и др., Леринско-костурскиот македонски баталјон издава и свој весник. Првиот број на весникот под наслов „ПОБЕДА“, орган на Славјаномакедонската војска, излегол на 1 октомври 1944 година. Во првиот број на „ПОБЕДА“ поместен е уводен напис во кој се изнесуваат целите на неговото излегување, потоа напис за дотогашните успеси на баталјонот, односно бригада како што се именува во

---

[25]) Егејска Македонија во НОБ, цит. труд, 195—196.

истиот, на воено и на културно-просветно поле[26]). Од посебно значење е заслугата на овој и на Воденскиот македонски баталјон за воспоставувањето потесна врска и соработка со своите браќа од Вардарска Македонија.

На воено поле, како што наведовме, баталјонот постигнува значајни успеси. Од многубројните борби што ги води против непријателот, ќе ги наведеме следните: учествува во нападите против германскиот гарнизон во Лерин на 15 август и 22 септември при што непријателот има 16 мртви и повеќе ранети. На 8 септември од заседа нападнал непријателска автомобилска колона која се движела на патот Лерин—Албанија при што се убиени 12 и ранети 11 непријателски војници, или вкупно, според непотполните податоци, на истиот пат 12 пати од заседа нападнал германски автомобилски колони со резултат да уништи 13 воени камиони, 2 блиндирани коли и 1 тенк, 35 убиени и 32 заробени непријателски војници. Ги разоружил контрачетниците од селата Тиолишта, Сетома, Черешница, Прекопана, Олиште, Загоричани и Бомбоки[27]).

Меѓутоа развојот и успесите на Баталјонот биле пресечени со одлуката на грчкото раководство на отпорот за негово расформирање.

По прифаќањето на Либанскиот договор следи договорот во италијанскиот град Казерта на 26 септември 1944 година[28]) со кој народноослободителната војска ЕЛАС се става под непосредна команда на владата на Папандреу со право да ја распушти кога сака, и таа тоа право му го пренесува на командантот на англиските воени сили во Грција, генерал Скоби.[29]). Договорот на Казерта значи и крај на македонските воени единици и македонските институции. Бидејќи новите газди на ЕЛАС во

---

26) Исто, 207.

27) Исто, 206.

28) На состанокот зедоа учество претставници на Сојузниот штаб за Среден исток, на ЕЛАС и на ЕДЕС. На состанокот, што се одржа под претседателство на главниот командант на сојузничките сили на Средоземјето, Вилсон, присуствуваа британскиот министер за Среден исток Мак Милан, амбасадорот на Англија во грчката влада Липер, командантот на англиските сили во Грција генерал Скоби, претседателот на т.н. влада на „националното единство" Ѓоргис Попандреу, министрите во истата Александрос Зволос, Иоанис Зевгос, Т. Цацос, и Згурицас и генералите Стефанос Сарафис воен командант на ЕЛАС и Наполеон Зервас командант на ЕДЕС. По разговорите потпишан е договор со кој грчките герилски сили влегуваат под команда на грчката влада, која тоа право му го пренесува на командантот на англиските сили во Грција генерал Скоби. Командантите на герилските сили ја преземаат обврската „да забранат секаков обид на своите единици да ја преземат власта во свои раце" и дека во Атина нема да се води никаква воена операција, освен ако тоа го нареди генерал Скоби.

Договорот на Казерта е уште една недозволена отстапка на раководството на отпорот со која дефинитивно се запечатува судбината на НОД.

29. Στ' ΑΡΜΑΤΑ, Στ' ΑΡΜΑΤΑ, Χρονικο τῆς 'εανικῆς 'Αντιστασης, 1941—1945 Π. Λ. Ε, 439

никој случај не се согласувале да ги прифатат и признаат македонските единици, раководството на КПГ доследно на својата политика и тактика на перманентни недозволени отстапки во корист на непријателот, го презело потегот што неминовно го наложила таквата политика и тактика. Имено, одлучило да ги расформира македонските баталјони.

Раководството на КПГ свесно дека Македонците ќе се спротистават на одлуката, се обидело да го постигне тоа камуфлирано односно со измама.

На почетокот на октомври IX дивизија на ЕЛАС издава наредба за дислокација на баталјонот во Сијатишта, Кожанско[30]) каде сметала со употреба на сите средства, дури и на воени, полесно ќе го расформира. И кога тоа не успева, поради тоа што штабот на баталјонот одбил да ја изврши наредбата, грчкото раководство се одлучува истото да го постигне во подрачјето на Вичо за која цел, покрај двата баталјони на 28-та бригада на чело со командата на истата, ја ангажира целата 27 и делови на 53 бригада на ЕЛАС, единици на Резервниот ЕЛАС, Народната милиција и други формации. Со цел да добие во време нужно за префрлување на споменатите единици од Воио и Гревена во Вичо, командата на 28-та бригада и членовите на командата на IX дивизија на ЕЛАС — комесарот Пантелис Гусидир-Ставрос и споменатиот Ранос Михалеас, на 5 октомври 1944 година во село Статица свикуваат состанок со штабот на Леринско-костурскиот баталјон наводно со цел да најдат решение од ситуацијата што настанала поради неизвршување на споменатата наредба од страна на баталјонот. Меѓутоа на состанокот не е најден заеднички јазик. Врз основа на дискусиите што се водени на состанокот, претставникот на дивизијата Ренос Михалеас и Михаило Керамитчиев, пратеник во ПЕЕА од Костурско, заминуваат за Главниот штаб на Македонија со цел да се ускладат ставовите. Меѓувремено единиците на ЕЛАС го продолжуваат опколувањето на баталјонот и заземаат позиции за напад. Примерниот вод на баталјонот кој се наоѓал по задача во Преспа, бил нападнат и обезоружен од единица на ЕЛАС. Штабот на баталјонот презел контраакција и ја принудил единицата на ЕЛАС да го ослободи водот и да му го врати оружјето. Баталјонот наоѓајќи се пред непосреден напад од ЕЛАС, ги презел сите неопходни заштитни и превентивни мерки, заземајќи соодветни позиции и ги затворил сите приоди.

Македонските воено-политички раководители Наум Пејов, Мичо Шишковски, Атанас Коровешов, Лазо Поплазаров, Илија Димовски-Гоце, Ѓорги Турунџев и Тодор Николовски соочувајќи се со таквата ситуација, ноќта на 4 спроти 5 октомври во селото Статица одржале состанок. Откако на состанокот ја ана-

---

[30]) Д-р Ристо Кирјазовски, цит. труд, 254.

лизирале целокупната ситуација од сите аспекти и констатирале дека раководството на ЕЛАС во својата намера за расформирање на баталјонот ќе оди до крај, решиле баталјонот да изврши доброволна регрутација на нови борци, на евентуален оружен напад на ЕЛАС да се спротистави и да се префрли на територијата на Вардарска Македонија. На состанокот било избрано и оперативно раководство.

Оперативното раководство поради концентрација на големи сили на ЕЛАС, а со цел да ја обезбеди позадината, на 7 октомври 1944 година наредува баталјонот да ги напушти позициите на реонот Статица—Кономлат—Трсие—Турја и да се повлече кон Преспа. Тоа значело прекинување на секаква врска на баталјонот со ЕЛАС односно негово одделување и осамостојување. Командата на 28 бригада на ЕЛАС на 10 октомври со повик до борците на баталјонот, актот на командата на баталјонот да ги напушти позициите и да не ги извршува наредбите на командата на бригадата ги оквалификува како предавство. Во продолжение на повикот се вели дека командата на 28-та бригада на ЕЛАС свесна дека наводно многу борци поради неинформираност се поведени од лажни пароли на раководителите на баталјонот и други, ги повикува да го напуштат баталјонот со оружјето и да се предадат на новата бригада што се формира во селото Негован, а оние што нема да го сторат тоа, ќе бидат прогласени за предавници на борбата[31]). Повик со слична содржина растурала и 27-та бригада на ЕЛАС, која, како што наведовме, била префрлена во Вичо со цел да учествува во ликвидирањето на Леринско-костурскиот македонски баталјон[32]).

Окружниот комитет на КПГ за Леринско, од друга страна, со свој повик до македонскиот народ на округот апелира на братство и единство[33]). Меѓутоа повиците и безудаената пропаганда за што бил ангажиран целокупниот апарат на КПГ—ЕАМ—ЕЛАС и разновидните притисоци, не поколебале ниту еден борец од баталјонот. Тие свесни за актот што го преземаат, достоинствено се соочуваат со сите напади и клевети. Еве на пример што и како му одговара Илија Димовски-Гоце на комесарот на 28-та бригада на ЕЛАС Захаријас Дросос: „Другар Захарија, го добив твоето писмо. Ме гризе совеста, бидејќи Германците убиваат околу Лерин, а ние залудно губиме време. За тоа ние не сме виновни, бидејќи имавме решено да го нападнеме непријателот насекаде каде можеме. Ја разбирам симпатијата што ја имате спрема мене. Меѓутоа, јас сам како Гоце без 1500 борци, не вредам ништо, немам никаква вредност. Ве-

---

31) Исто, 258.

32) Исто, 269—271.

33) Исто, 259—261.

лите дека ќе ме нападнете. Тоа ќе биде грешка и злосторство за двата народи, за грчкиот и за словено-македонскиот и многу ќе нè оштети. Ако ја сакаш Партијата, погрижи се да биде прифатено сето она што го бараме и мислам дека тоа не е антимарксистичко и надвор од интересите на нашите сојузнички народи. Тогаш ќе ги постројам 1500 партизани готови да умрат за слободата на Грците и на Словеномакедонците ..."[34]).

На грчкото раководство многу му се брзало да се пресмета со Леринско-костурскиот баталјон. Тоа не само што не чекало на резултатите од преговорите што ги водел претставникот на IX дивизија на ЕЛАС со ГШ на Македонија, туку остро ги осудило и самите преговори што може да се види од телеграмата на секретарот на Македонското биро на КПГ до комесарот на IX дивизија на ЕЛАС: „До Ставрос. Никакво право нема дивизијата да испраќа претставник во туѓи земји, да преговара за надворешни прашања. Такво право ѝ припаѓа на националната влада, Вашата акција се граничи со несвесна политичка провокација. Ренос веднаш да се врати ..."[35]).

Горенаведените и многу други акции на грчкото раководство говореле дека ЕЛАС подготвува решавачки напад против баталјонот што може да се види и од оперативната наредба на Групата дивизии на ЕЛАС од Македонија од 16 октомври 1944 година која гласи: „...IX дивизија да испрати еден баталјон на Пиерија, кој ќе биде стациониран во Палатица, на располагање на Групата дивизии од Македонија. Другите сили да постапат според нашите поранешни наредби за тотално уништување на одметниците Словенофони ..."[36]).

Македонското раководство, пред таквата ситуација, за да го избегне крвопролевањето, на 12 октомври наредило баталјонот да се префрли на територијата на Вардарска Македонија во секторот на Преспа. На 16 октомври баталјонот се префрлил во селото Граешница каде се реорганизира и добива оперативни задачи да врши акции на друмските патишта што ги сврзуваат Лерин со Битола и Битола со Солун.

Штабот на баталјонот по неговото префрлување во Вардарска Македонија испратил писмо до Македонското биро на КПГ и командата на IX дивизија на ЕЛАС во кое ги изнесува причините што го натерале да се оддели од ЕЛАС и да се префрли во Вардарска Македонија. Во писмото достоинствено и аргументирано во детали се изнесува неправилниот став и занос на грчкото партиско раководство спрема Македонците низ целиот период на НОВ[37]).

---

[34]) Исто, 280.

[35]) Исто, 281.

[36]) Исто, 268.

[37]) Егејска Македонија во НОБ, цит. труд, 232—233.

На 15 октомври штабот на баталјонот издава проглас до сите партизани и македонскиот народ од Егејска Македонија. Во прогласот откако се побиваат и разобличуваат клеветите против борците и старешините на баталјонот содржани во споменатиот проглас на 28-та бригада на ЕЛАС од 10 октомври 1944 година, се изнесуваат суштинските причини за судирот што настанал меѓу Грчкото раководство на отпорот и Македонците. Во прогласот во врска со тоа, меѓу другото, се вели: „. . .Нека не ја свиеме нашата глава пред никого во овие решителни моменти за нашата национална слобода. ЕАМ и ЕЛАС никогаш до сега не ни кажаа дека во **Атлантската карта и во преговорите во Техеран и Москва** се зборува дека сите поробени народи кога одговараат на 5-те точки имаат право да се борат за својата национална слобода и да формираат своја држава. Ние денеска со пушка во рака се бориме за да го извојуваме правото како да се ослободиме од досегашниот ропски живот. Не знаеме како може ЕЛАС да ги изменува решенијата на сојузниците, како може грчката политика да му пречи на нашето партизанско движење. Ќе загинеме до последниот Македонец и нема да дозволиме никој да не разделува како досега . . .“[38]).

Леринско-костурскиот македонски баталјон влегол во составот на Првата егејска ударна бригада која се формира на 13 ноември 1944 година во Битола и во чии редови ја продолжиле борбата до конечната победа над фашизмот.

*

* *

Со расформирањето на бригадата во април 1945 година борците и старешините на баталјонот активно се вклучуваат во обновата и изградбата на својата татковина и во одбрана на придобивките од Народноослободителната борба и социјалистичката револуција. Со отпочнувањето на борбата против грчкиот монархофашизам, на повик од својот народ веднаш се најдоа до него. Поголемиот дел од Леринско-костурскиот и Воденскиот македонски баталјон го сочинуваа основниот воено-политички кадровски актив на НОВ, АФЖ и НОМС на Егејска Македонија кои за време на Граѓанската војна (1945—1949) во Грција го издигнаа македонското национално-ослободително движење во Егејска Македонија во значаен воен и политички фактор на земјата. Од редовите на овие баталјони изникнаа славните старешини и команданти на единиците на НОФ и на ДАГ Пандо Шиперков, Ѕоцо Урдов, Пецо Ромов, Михал Апостолски, Вангел Шамарданов, Ѓорги Калков, Коста Суљов, Киро Гроз-

---

[38]) *Исто*, 234—235.

данов, Танас Гизов и многу други познати и непознати кои со своите животи ја создадоа славната епопеја на ДАГ на Грамос, Вичо, Малимади, Полепаната, Клевтис, Баро Јамата, Алевица и др.

Risto KIRJAZOVSKI

## THE FLORINA AND KOSTUR MACEDONIAN BATALLION


### Summary

The cancellation of the Lebanon's treaty by the leadership ot the Greek movement of resistance was seeking organisation and activity of all the potential and revolutionary forces in the country. As the Macedonians were allies of the revolution, the Greek leadership this time paid its attention to them. In order to include more massiveley in the use of force with the class enemy they decided to meet some requirements. In the spirit of such a policy and determination, on August 2, 1944 the Florina and Kostur Macedonian batallion called Macedonian batallion „Goce" was formed. The name and August 2, the day of the Ilinden Uprising were used for formation of the battalion with an aim to give a Mecedonian national feature to the event.

The batallion included highters from the Kostur batallion on Karaorman which on the base of the treaty made between ELAS and the Main Staff of the PLS and PO (Partisan Detachments) of Macedonia came back from Karaorman and from the Macedonian fighters of ELAS.

The Macedonians joined the batallion massively, so that at the beginning of October 1944 had about 1500 fighters at its disposal.

Immediatel after its formation the batallion started sucessfully fighting against the occupier and the domestic servants.

Its success and groth in e bigger Macedonian unit have been broken by the ELAS desision to disband.

The batallion could not agree with such an attack against this great contribution and in order to avoid the bloodshed with ELAS, at the second decade of October 1944 it threw over the Vardar part of Macedonia where it continued the struggle against fascism by joining the PLS (People's Liberation Struggle).